# ПРАВИЛНИК ЗА ПОЛАГАЊЕ НА ИСПИТ ЗА ПРИПРАВНИЦИ И КИНОЛОШКИ СУДИИ

**Член 1**

Правилникот за полагање на испит за кинолошки судии го утврдува начинот на полагање на испит за кинолошки судија

**Член 2**

Испитот за кинолошки приправници се состои од два дела:

1. Теоретски дел (писмен и усмен) на испит за кинолошки судија
2. Практичен дел на испит за кинолошки судија

**Член 3**

Испит за кинолошки приправници се одржува два пати годишно. Распоредот за одржување на испитот се одредува на крајот на годината за следната година и се објавува на веб страната на КСМ.

**Член 4**

Судискиот приправник за да пристапи на теоретскиот дел од испитот за кинолошки судија потребно е да ги исполнува условите од Правилникот за Стручна работа на КСМ и да го пријави испитот во предвидениот рок. Предвиден рок за пријавување на испит за кинолошки судија е најдоцна 21 ден пред одржување на испитот.

**Член 5**

На теоретскиот дел од испитот, кандидатот кој за прв пат пристапува на испитот за кинолошки судии, мора да покаже задоволително познавање од следните теми:

- Анатомија (Статика), морфологија и движење (динамика) на кучето
- Конституција (градба на кучето), генетика, физиологија и основни болести важни за здрав одгој и чување на кучиња
- Познавање на стандардите на расите
- Однесување на судијата, принципи и техники на судење
- Правилник за стручна работа на КСМ, ФЦИ правилник за изложби и дополнителни правила
- Останати теми наведени во планот и програмата за образование на приправници на КСМ

Кандидатот кој полага теоретски дел од испитот мора да покаже задоволително знаење за стандардите на расите кои ги полага.

**Член 6**

Кандидатот на теоретскиот дел од испитот мора точно да одговори најмалку на 75% од вкупниот број на прашања.

Резултатите од испитот се објавуваат по одржување на испитот.

**Член 7**

Доколку кандидатот не задоволи на два испита, на третиот може да се пријави најрано после 12 месеци.

Кандидатот кој се пријавил за испит ако од оправдани причини неможе да присуствува на истиот должен е за тоа писмено да го извести СС. Во случај кога нема да се појави на испитот и истиот нема да го откаже навремено, кандидатот нема да може да пристапи на следниот испитен рок.

**Член 8**

Испитот за кинолшки судии за кандидатите кое се веќе кинолошки судии се состои од писмен и усмен дел.

**Член 9**

Писмениот и усмениот испит за кинолошки судии се одржува два пати годишно. Распоредот на одржување на испитите се одредува на крајот на годината за следната година.

**Член 10**

Судискиот приправник за да пристапи на практичниот испит за кинолошки судии потребно е да ги исполнува условите од Правилникот за Стручна работа на КСМ и да го пријави испитот во предвидениот рок. Предвиден рок за пријавување на испит за кинолошки судија е најдоцна 21 ден пред одржување на испитот.

Во прилог на пријавата за испитот кандидатот е должен да ги поднесе и потврдите од успешно стажираните раси.

Пописот на раси по ФЦИ групи задолжителни за стажирање се наоѓаат во Прилог 1. на овој правилник.

**Член 11**

На практичниот испит за кинолошки судии во правило може да се пријават и учествуваат најмногу 6 кандидати по ден. Во случај на поголем број пријавени кандидати за практичен испит за кинолошки судии, истите ќе се прераспределат на следните испити задржувајќи го редоследот на пријавување на кандидатите.

**Член 12**

На теоретскиот дел од испитот за кинолошки судија за облик, кандидатот кој се уште не е кинолошки судија може да полага најмногу до 5 раси од една ФЦИ група.

**Член 13**

На практичниот испит за кинолошки судија за облик, кандидатот кој сеуште не е кинолошки судија може да полага најмногу до 5 раси од една ФЦИ група.

**Член 14**

Кандидатите кои веќе се кинолошки судии за најмалку една цела ФЦИ група на писмениот и усмениот испит можат да се пријават за полагање на најмногу една ФЦИ група.
Во прилог на пријавата за испитот кандидатот е должен да ги поднесе и потврдите од успешно завршените стажирања, предвидени со Правилникот за Стручна Работа на КСМ.

**Член 15**

Кандидатот кој не е кинолошки судија на испитот мора да ги оцени кучињата од сите раси кои ги има пријавено за испит.

**Член 16**

Испитната комисијата се состои од 3 члена. Изборот на раси, односно изборот на куче на кое кандидатот ќе полага практичен дел од испитот за кинолошки судија ќе го направи член на комисијата. Членовите на комисијата ќе го коментираат описот на избраното куче грижејќи се за одстапувањата во однос на важечкиот стандард.

**Член 17**

Кандидатот кој не е кинолошки судија на испитот мора да покаже задоволително знаење од сите раси кои ги полага. Доколку не покаже задоволително знаење се смета дека не положил. Кандидатот не може да го положи испитот доколку не препознава разлика во градбата на две раси или не ги знае важните карактеристики на расите кои ги полага.

**Член 18**

Резултат од испитот се објавува откако ќе заврши испитувањето. Кандидатот ќе го положи испитот доколку мнозинството од испитната комисија се изјасни позитивно. Воздржување од гласање се смета за глас против. Во случај на еднаков број на гласови за и против, одлучува гласот на претседателот на комисијата.
За резултат од испитот, кандидатот добива уверение од КСМ.

**Член 19**

Дозволено е еднократно повторување на испитот. Доколку кандидатот по втор пат не го положи испитот, се упатува на повторување на практичната обука.

**Член 20**

Секој кандидат може да пристапи на испит најмногу еднаш годишно

**Член 21**

Правилникот стапува на сила од денот на неговото донесување.

Стручен совет на КСМ

Прилог 1

## Попис на раси по ФЦИ групи задолжителни за стажирање

**I ФЦИ група**

1. Австралиски овчар

2. Белгиски овчар (Малиноа)

3. Велшки Корги (Пемброк)

4. Коли долговлакнест

5. Бело Швајцарско овчарско куче

6. Бордер Коли

7. Германски овчар

8. Босерон

**II ФЦИ група**

1. Доберман

2. Шнауцер (сите големини)

3. Аргентинско куче

4. Бернско планинско куче

5. Германски Боксер

6. Германска Дога (две бои)

7. Ротвајлер

8. Булдог

9. Италијанско Кане Корсо

10. Бордошка Дога

11. Бернандинец

12. Њуфаундленд

13. Шарпланинец

14. Средно Азиски овчар

15. Тибетски Мастиф

16. Шар Пеј

**III ФЦИ група**

1. Германски Ловен Териер

2. Ердел Териер

3. Фокс Териер островлакнест

4. Џек Расел Териер

5. Бул Териер

6. Американски Стафордски Териер

7. Јоркширски Териер

8. Шкотски Териер

9. Западно Шкотски Бел Териер

10.Син Ирски Териер

11.Стафордски Бул Териер

**IV ФЦИ група**

Сите три вариетети на влакно без разлика на големина и сите три вариетети на големина без разлика на влакно

**V ФЦИ група**

1. Самојед

2. Аљаски Маламут

3. Сибирски Хаски

4. Германски Шпиц (Три Големини)

5. Чау Чау

6. Шиба

7. Акита

8. Американска Акита
9. Басењи

**VI ФЦИ група**

1. Свети Хуберт

2. Српски Гонич

3. Островлакнест Вендејски Басет (мал и голем)

4. Басет

5. Бигл

6. Баварски Планински Крвоследник

7. Алпски Брак Јазавичар

8. Далматинец

9. Родезиски Риџбек

10.Посавски Гонич

**VII ФЦИ група**

1. Германски Кратковлакнест Птичар

2.Германски Островлакнест Птичар

3. Вајмарски Птичар

4. Унгарска Вижла (1 вариетет)

5. Епањел бретон

6. Италијански островлакнест Птичар - Спиноне

7. Италијански кратковлакнест Птичар - Брако

8. Поентер

9. Англиски Сетер

10. Ирски Црвен Сетер

**VIII ФЦИ група**

1. Лабрадор Ретривер

2. Златен Ретривер

3. Лагото Ромањоло

4. Англиски Кокер Шпаниел

5. Американски Кокер Шпаниел

6. Кламбер Шпаниел

7.Португалско куче за вода

**IX ФЦИ група**

1. Малтезер

2. Кадрав Бишон

3. Пудли (Три големини)

4. Кинеско голокожо куче

5. Ши Цу

6.Чивава (двата варијетета)

7. Кавалиер Кинг Чарлс Шпаниел

8. Континентален тој Шпаниел - Папијон

9. Француски Булдог

10. Мопс

11. Бостон Териер

12. Ласа Апсо

**X ФЦИ група**

1. Авганистански Рт

2. Салуки

3. Руски Рт Барзој

4. Голем Англиски Рт - Грејхаунд

5. Мал Англиски Рт - Випет

6. Мал Италијански Рт